


4/2014 (XL)

ISSN 0350 - 5286

## Nova istraživanja Prevod

- *Nataša Kljajić:* Naracija u Ruždijevim romanima za decu „Harun i more priča“ i „Luka i Vatra života“ Prevod ( Download )
- *Snežana D. Paser Ilić:* „Pradevojčica“ u svetlu obredno-običajne prakse Prevod ( Download )
- *Ivan V. Šterleman:* Fantastična bića u bajci „Baš-Čelik“ Prevod ( Download )
- *Bojana B. Ušćebrka:* O frazeologiji u pripovetkama Moma Kapora Prevod ( Download )
- *Isidora Ana D. Stokin:* Dete sa klovnovskim nosom u romanu „Nebo nad cirkusom“ Raleta Damjanovića Prevod ( Download )
- *Milutin Ž. Pavlov:* Mali atlas kratkih priča Olivere Šijački Prevod ( Download )
- *Jovanka Denkova, Mahmut I. Čelik:* Skaznovidnoto vo tvoreštvoto na Slavka Maneva, so poseben osvrt vrz zbirkata raskazi za deca „Dzvezdeni perničinja“ Prevod ( Download )

## O književnom delu Uroša Petrovića Prevod

- *Nikolaje J. Paulica:* Hronotop savremenog fantastičnog romana za decu i mlade (na primeru romana Nila Gejmena i Uroša Petrovića) Prevod ( Download )
- *Gordana Glavinić:* Zagonetanje Uroša Petrovića ili pohvala mudrosti za čitaoca 21. veka Prevod ( Download )

## Književnost za decu i likovni medij Prevod

- *Senka R. Vlahović Filipov:* Ilustracija knjiga za decu u vreme razvijenih vizuelnih komunikacija (Festival ilustracije knjige BookILL fest) Prevod ( Download )
- *Bojana N. Nikolić, Jelena P. Veljković Mekić:* Upotreba književnih tekstova za decu u likovnim aktivnostima predškolske dece Prevod ( Download )

## In memoriam Prevod

- *Dubravka Zima:* Zvonimir Balog (1932–2014) Prevod ( Download )

## Ogledalo kritike Prevod

- *Jelena S. Panić Maraš:* Književnost za decu na granici Prevod ( Download )
- *Gordana Maletić:* Najbolje kao mera za dete Prevod ( Download )
- *Dobrivoje Stanojević:* Veseli vašar teških misli Prevod ( Download )
- *Cvijetin Ristanović:* Pjesma kao izvor radosti Prevod ( Download )
- *Voja Marjanović:* Antologija slovenačke priče za decu i mlade Prevod ( Download )
- *Anđelko Erdeljanin:* Nesebeznala odanost prijatelja Prevod ( Download )
- *Ivana S. Ignjatov Popović:* Lutkarska umetnost kao potreba Prevod ( Download )
- *Ivana Mijić Nemet:* Na tragu kreativne nastave Prevod ( Download )
- *Brankica Živković:* Ljubav – posao za sve Prevod ( Download )

- *Zorica Turjačanin:* „Jezikom zvuka koji nas spaja” Prevod ( Download )
- *Vesna Jovanović:* Knjiga za najmlađe čitaoce Prevod ( Download )
- *Brankica Živković:* Spomenar jednog dečjeg srca Prevod ( Download )
- *Ružica Jovanović:* Oživele gitare dva detinjstva i jednog prijateljstva Prevod ( Download )

UDC 821.163.3–93–32.09 Maneva S.

*Јованка Д. ДЕНКОВА*
*Махмут И. ЧЕЛИК*
*Универзитет „Гоце Делчев“*
*Филолошки факултет*
*Република Македонија*

# СКАЗНОВИДНОТО ВО ТВОРЕШТВОТО НА СЛАВКА МАНЕВА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ ВРЗ ЗБИРКАТА РАСКАЗИ ЗА ДЕЦА *SВЕЗДЕНИ ПЕРНИЧИЊА*

РЕЗИМЕ: Книжевноста за деца е посебна книжевна област со свои идеи, воспитни и уметнички обележја. Книжевноста за деца е наменета за најмалиот читател или слушател.

Предмет на дипломскиот труд е анализа на делата од Славка Манева. Целта е да се пронајдат сказновидните елементи во наведените дела. За изработката на трудот се користени самите дела, литератури и интернет страници. Воведот содржи кратко објаснување за поимот сказна, биографија на авторот и што е литературата за деца. Главниот дел содржи обработка на делата и дискусија за нив. Заклучокот содржи резиме за делата на Славка Манева.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: сказна, читател, фантазија, реалност, поука, дистинкција, митологија и литература

## 1. Вовед

Најзначајна карактеристика на детската и младинската литература во Југославија е дека таа стана автентична дури по Втората Светска војна. Д-р Рихард Бамбергер наведува дека тоа е исто така карактеристика и на германската литература и на повеќето европски земји. За делата напишани и наменети за децата во деветнаесетиот век, а до извесна мера и до Првата светска војна, може да се зборува само за погоден материјал читан од младите луѓе. Кога зборуваме за тоа мислиме пред сè на терминот „литература”, употребен само во однос на органската целина која се развива според соодветен закон и која е слоевита со оглед на квалитетот и целта. Називот *детска* подразбира автентичност и автономност на една литературна област од литературно-уметничкото творештво, додека вториот назив се однесува пред сè на намената, иако има суштински и теоретски дистинкции. Дилемите за тоа кое е дело за децата и младината, а кое не е, постојат од самиот почеток на нејзината појава. Во употреба е и називот *литература за деца* за делата што не им се наменети на младите читатели, иако се занимаваат со нивниот живот и судбина. Кога би ги барале корените на оваа литература, би ги пронашле во зачетоците на човековата цивилизација во усното предание, во народните умотворби, но тие во овој преглед не се претставени. Обработени се само оние дела кои се јавуваат откога од повеќето критичари и естетичари е прифатена како самостојна уметност, самостоен жанр, како органски дел на литературата за возрасни. Што во теоретска смисла се вбројува во детската литература? Раул Дибоа, специјалист за француска младинска литература, еден од основачите на Центарот за истражување и информации за младинската литература, под поимот детска и младинска литература подразбира

изразување на мисли наменети за децата, што Валери го именува како „развивање на особеностите на јазикот". Значи, сето она што е насочено кон претставување на надворешниот или внатрешниот свет, што е наменето на детето и употребува средства на пишаниот или усниот говор, ѝ припаѓа на таа литература. Литературата за деца постои и има причини за постоење во еден посебен свет, кој ја оцртува со сопствените потреби и интереси, сугерирајќи ѝ ги така основните мотиви. Треба да се има предвид дека мерката со која се користиме при вреднување на книгите за деца не може да биде истоветна со онаа што ја употребуваме кога станува збор за текстови за возрасни.[1]

## 2. Потсетување на одликите на сказната

Сказните во науката за народната литература се сметаат за најстар вид на усна проза, покрај приказните за животните. Познати и под терминот *фантастични* и *волшебни народни приказни*, сказните настанале на интернационални простори, од ирационалните основи на верувањето и митот. Во науката на литературниот фолклор дури постојат мислења дека треба да се прави дистинкција помеѓу терминот „сказна" и „фантастична народна приказна", бидејќи може да се направи разграничување помеѓу светот на сказната, кој е чудесен, а во кој желбите на јунаците, главно, се остваруваат, и тој на фантастичната приказна, во кој јунаците неретко остануваат само со нереализираните свои копнежи, мечти и настојувања. Се смета дека појавата на народните сказни се однесува кон времето кога човекот бил на излегување од родовското општество. Треба да се предочи и мислењето дека сказните се развиле од митовите, односно од приказните за животните, при постоење на поразвиената митологија кон крајот на периодот на дивјаштвото. Застапеноста на бројни ликови на животни во сказните ја аргументираат оваа претположба. Во споредба со приказните за животните сказните стојат на повисоко уметничко ниво, што е несомнено доказ дека се одраз на подоцнежното време, припаѓајќи му на поразвиеното општество.[2]

## 3. Сказновидните елементи во збирката раскази за деца *Ѕвездени перничиња* од Славка Манева

Во трудот ќе се разгледува збирката сказни *Ѕвездени перничиња*[3] од Славка Манева[4], која и самата за оваа книга вели: „Во мојата книга вам, драги деца, секој месец ќе ви подари по една сказна, а тринаесетта ви е подарок од мене. Сепак отпрвин јас ќе ви раскажам по нешто за нив, за да ги запознаете и засакате. При запознавањето се кажува прво името, но овде тоа е неможно, бидејќи секој месец има по неколку имиња. Едното им е според календарот, а другите им ги дал народот, според своите особини". Како што и самата авторка најавува во книгата, таа е составена од низа раскази за сите месеци во годината, и секој од месеците ни по-

[1] Мурис Идризовиќ, *Македонската литература за деца*, Наша книга, Скопје, 1988

[2] Томе Саздов, *Историја на македонската книжевност – Усна народна книжевност*, Детска радост, Скопје, стр. 155–156.

[3] Славка Манева, *Звездени перничиња*, Детска радост, Скопје, 2005.

[4] Славка Манева е родена во Скопје. Завршила студии по книжевност на Филозофскиот факултет во Скопје. Работела како профеор по македонски јазик и литература во гимназиите „Цветан Димов" и „Јосип Броз Тито" во Скопје. Пишува поезија и проза за деца. Досега ѝ се објавени книгите: *Свирипле*, раскази за деца, *Џиџа*, сказни, *Камчето на сакањето*, сказна, *Волшебниот лифт*, сказни, *Готварски сказни*, раскази за деца, *Виножитото што пее*, сказна, *Од дедо Марковото торбуле*, раскази за деца, *Приказни без крај*, сликовница, *Ку?ата на божилакот*, сликовница.

дарува по една сказна. Последната, односно тринаесетата сказна е подарок од авторката. Првиот месец во годината ни ја подарува *Сказна за вџашената ӣринцеза.* Оваа сказна раскажува за една разгалена принцеза која не знаела да ги извршува домашните задачи и везден седела покрај прозорецот, а сите луѓе што поминувале морале да ѝ се поклонат. Нејзиниот татко секогаш ѝ велел: „Дете мое, па ти нема ништо да знаеш... Подоцна ќе се срамуваш поради тоа". Принцезите во повеќето сказни се претставени како разгалени, ништо не работат, секогаш се принудени од своите родители да се омажат за царскиот син, но крајот секогаш не е таков. Така и овде, царот премногу ја разгалил принцезата, што дошло до момент каде едно младо момче да го советува: Некогаш и децата размислуваат подобро од возрасните. Обично во повеќето сказни царевите се строги кон своите ќерки, но во оваа сказна ќерката е татина галеница, тие секогаш настојуваат добро да ги воспитаат своите ќерки и на крајот да ги омажат со царскиот син. Однесувањето на младата принцеза зависи од воспитанието на нејзиниот татко. Најчесто во сказните оној кој сака да се омажи со царевата ќерка, треба да ги исполни наредбите на царот. Принцезите во сказните се опишани како најубави со руменило на лицето, долги коси и нежни раце. Особено чести и популарни се мотивите според кои обичниот, сиромашниот човек со својата умност и досетливост успева да дојде до царскиот престол, најчесто преку женидба со царевата ќерка.

Февруари, вториот месец од годината, на читателите им ја нуди *Сказнаѿа за малоѿо ӣолско џуџе.* Малото џуџе по име Гравче е сираче уште како мало. Овде писателката Славка Манева ја опишува осаменоста на џуџето додека останатите се собирале со своите семејства. Гравче решило да побара поубаво и поудобно место за живеење од старото. Се засолнило во некоја зелка. Дошла есента и зелката била скината од нивата и продадена. Малото Гравче било сместено во дом на некоја старица. Било премногу разочарано: „Што ми требаше да правам одаја во зелка? – си помислило тоа. Поарно ќе ми беше да си останев во татковата куќа, иако во неа дува ветар". Во митологијата џуџињата личат на луѓето, но претпочитаат да живеат под земја или на планинските предели. Обично тие се пониски од луѓето, крупни со долга брада. На џуџињата им се препишуваат способноста да гледаат во мрак и други видови приспособувања за да живеат под земја. Тука тие го собираат богатството составено од злато, сребро и скапоцени камења, и го поминуваат нивното време во ковање на скапоцено оружје. Тие се познати рудари и ковачи, но исто така се вешти и во било кој друг занает: „Понекогаш колку и да сакаме да побегнеме од реалноста и да одиме кон подоброто и поубавото, во 'розовиот' свет, секогаш се враќаме онаму од каде што сме тргнале и каде што со мали нешта сме биле среќни".

Март е единствениот месец во женски род. Во многу сказни ќе го сретнеме како „Баба Марта". Подарок од „Баба Марта" ја имаме *Сказна за жалнаѿа врба.* Сказната раскажува за љубовта помеѓу братот и сестрата кои се заколнале дека вечно ќе се сакаат и ќе си помагаат: „Јас се колнам дека ќе ти помагам секогаш кога ќе бидеш во неволја. Ако не – камен да се сторам! " „И јас се колнам дека секогаш ќе те сакам и нема никогаш да те излажам. Ако не – дрво да се сторам!".

Сестрата се мажи и доаѓа по долго време, тажна и овената: „Што се случило со тебе, мила моја сестро? Што мака имаш, та си ослабнала олку?" Сестрата не му ја открила маката на братот и како што ветила дека ќе се стори така и било, се сторила во врба. Авторката Манева оваа сказна ја раскажува како еден вид на легенда која останала уште

од одамна. Дрвото сè уште се нарекува и „жална" врба бидејќи било идентично на душевната состојба на младата девојка. Овде акцентот е ставен на несебичната љубов помеѓу братот и сестрата и жртвувањето на сестрата (за да го поштеди братот од непријатости се транформира во врба). Преобразбата, толку богато обработувана во сказните, е една од најзастапените теми, што сведочи за блиската поврзаност на сказната со митот. Во бајката, како и во митот, секој член во синџирот човек-животно-растение-предмет, може да се преобрази во друг член. Очовечувањето на животните и природата произлегува од пристарото анимистичко сфаќање на Космосот, како севкупно единство на живиот и мртвиот свет.[5]

Април, месец на пролетта, на зеленилото и на разнобојните цвеќиња... Подарок од овој месец е *Сказна за цвеќето омајниче*. Оваа сказна има слична содржина со народната сказна *Девојчето и дванаесте месеци* и класичната народна сказна *Пепелашка*. Маќеата, како и во претходно споменатите сказни, го измачувала девојчето на сопругот додека нејзиното го гледала како некој скапоцен предмет. Вредното девојче се заљубило со овчарчето, а тоа го приметила и злобната маќеа: „Ами доведи го, ќерко, да го видам дали ти прилега убавината и умот – рекла таа". Девојчето било наивно и постапило како што и рекла маќеата. Итрата маќеа правејќи маѓии го маѓепсала момчето и тоа се вљубило во нејзината грда ќерка. Кога дознало девојчето побегнало на планината, облечена во фустанче пембелија боја и исчезнало. Момчето по некое време се освестило од опиумот и ја барало саканата, отишол на планината, а таа целата со цвеќиња како килим во пембелија боја како фустанот на исчезнатото девојче. Цвеќето и до ден-денес останало како цвеќе на љубовта и младите овчарки се кителе со нив. Овде се потенцирани неколку морални вредности: добрината, чесноста, трпеливоста и љубовта. Како и во претходната сказна и овде е навестена метаморфозата во која девојката се трансформира во цвеќе омајниче, со јадри црвени или златестожолти цветови. Слична на оваа сказна е *Сказна за Вилен* од Глигор Поповски, но разликата е во тоа што Вилен треба да се напие од водата од која пие ѕуницата и во тој случај ќе биде награден, т. е. ќе има се што ќе посака, но и да внимава да не се натопи од водата, зошто во тој случај ќе биде казнет во метаморфоза на некое животно. Овде сепак е поразлично бидејќи момчето е она кое пие од опиумот, а девојката е казнетата и е претворена во цвет.

Петтиот месец е Мај. Како подарок од месецот Мај ја имаме *Сказна за црниот бик*. Сказната за бикот спаѓа во чудесните сказни за разлика од претходните кои спаѓаат во фантастичните. Сказната се одвивала во некое село, кое го снашло голема несреќа кога рано наутро се почувствувал силен земјотрес: „Што беше ова, бре луѓе? – си рекле. – Земјата се отвора и ќе не голтне!" Селаните се искачиле на планината и здогледале црн бик каков што немале видено до сега, со крвави очи и рогови како стебла. „Од каде дојде ова чудо кај нас? – си рекле. Што ќе биде ова, бре браќа?" Сите биле загрижени и барале спас. Отишле кај мудриот старец да побараат совет: „Таквите чудовишта се јавуваат еднаш на сто години. Ако се најде јунак од мајка роден да му го скрши десниот рог со камена секира, бикот веднаш да умре и вие ќе се ослободите од тешка невоља". Јунакот во сказната се одликува по неговата необичност и сила и најчесто е резултат на чудното раѓање. Јунакот обично стекнува магиска моќ со помош на некој волшебен предмет, со цел да надмине некој проблем, така во оваа сказна

[5] Јованка Денкова, „Фолклорна основа на *Сказна за Вилен* – Григор Поповски", *Книжевност за деца*, УГД, Штип, 2011

како волшебен предмет се огледалата и килимот, а проблемот е да се победи црниот бик. Се пријавило едно сиромашно момче и со својата итрина го победило бикот, а селаните му биле многу благодарни: „Алал нека ти е, добро момче! – му рекле – „Само ти се најде јунак од мајка роден што не спаси од злото". Славка Манева овде ја употребува стилската фигура хипербола во описот за изгледот на бикот: „На ридот лежел огромен бик каков што не виделе дотогаш, со закрвавени очи и рогови што се вишеле како искривени стебла". Мудриот старец како и во повеќето сказни е оној во кој луѓето наоѓаат спас во неговите совети.

Сказната *Сказна за светулките* е подарок од Јуни. Оваа сказна раскажува за строгоста на еден татко кон неговата ќерка. Девојката не можела да ја издржи тортурата и побегнала во шумата. Била премногу воодушевена од светлината и убавините во природата. Кога дознал татко ѝ ја преколнал да стане ноќна самовила. Така и се сторила. Самовилата се спријателила со инсектите и им помагала, а тие секогаш и велеле: „Бабо самовило, ти си најголемата мајсторка за крпење пеперужни крилца и затоа многу те сакаме". Еден ден од месечината побарала сончево зрнце за да им помогне на бубалките и пеперутките и да ја испочитува татковата волја: „Прости ми, татко, но сепак ова го правам зашто сакам да помогам во невола, како што ме учеше и ти додека беше жив". Самовилите се мошне популарни ликови во македонските народни сказни. Тие најчесто се јавуваат како непријатели на човекот, но во овој случај девојката е проколната да стане самовила и да им помага на своите пријатели (инсектите). Самовилата во приказната која сакала да им помага на инсектите можеме да ја споредиме со Шеќерното дете во *Шеќерна приказна* од Славко Јаневски. Шеќерното дете во сказната е позитивен јунак кој сака да помогне на животните кои се жители во шумата (зајакот, желката, верверицата, полжавот), всушност тие бараат помош од шеќерното дете да се ослободи од славејот од арамиите (мечка, волк и лисица).

Јули, седмиот месец во годината ни подарува една прекрасна сказна, а тоа е *Сказна за ѕуницата*. Ткајачката која е претставена во оваа сказна е најголемата жртва во неа. Прво затоа што се жртвувала за своите седум дечиња, а потоа е жртва на наредба на царот. Ткајачката која плетела најубави килими била прочуена насекаде, а тоа дошло и до царските уши: „Бери ум, жено! Зашто, со царска наредба нема шега. Ако не го исткаеш килимот, ќе ти летне главата!" Дење и ноќе ткајала само да ја исполни наредбата на царот. Откако го исткајала го однела на реката, но дувнал силен ветер, а таа со своите дечиња си заминала да не ги фати невреме. Кога се вратиле килимот го немало: „Леле, кутрата јас, ми отиде главата! Што ќе им речам на царските луѓе утре, кога ке дојдат да го земат килимот?"[6] Царската наредба била извршена. На денот на свадбата на царскиот син заврнало дожд, а килимот од езерото кон облаците бил спрострен во разни бои. Од тогаш настанала ѕуницата уште позната и како виножито. Во оваа сказна ткајачката се трансформирала во ѕуница, а слично на ова среќаваме во *Сказна за Вилен* каде што авторот, преземајќи ги елементите од народната сказна, го вовел и олицетворувањето на една природна појава, која е во актантна позиција на помошник на главниот јунак (во точно определено време Вилен да се напие од водата во моментот кога ќе пие ѕуницата). Според народното верување во оваа сказна оној кој ке помине под лакот на ѕуницата, оној што ќе се напие вода од каде пие и таа, може да оствари многу свои желби. И оваа сказна претставува еден

[6] Славка Манева, *Ѕвездени перничиња*, Детска радост, Скопје 2009.

вид легенда која останала од многу одамна, па сè до ден-денес. Малите деца сè уште кога ќе заврне дожд, со голема радост чекаат да ја видат ѕуницата.

Август е последниот летен месец. Сказната која ни ја нуди овој летен месец е „Сказна за сребрениот меч". Сказната раскажува за тешко болната мајка која легнала во кревет и не можела да види ништо од природните убавини. Синот секогаш гледал таа да биде среќна. Еден ден ја запрашал што е нејзината желба, а таа одговорила: „Да ми го нема ридон од пред очи и да ги догледам ливадите и нивите од другата страна." Момчето утредента отишло кај мудриот старец да го посоветува, а тој рекол дека спас за оваа желба е сребрениот меч. Трагајќи по мечот стигнал до царскиот дворец. Царот бил во голема невоља, поради големиот змеј. Момчето храбро решило да му се спротивстави на змејот. Кралот за одбрана му го дал сребрениот меч. Момчето го победило змејот, а за возврат ја добил царевата ќерка. Потоа отишол на планината, и ја видел мајка си на ридот: „Мајко, го оржав ветувањето! Си дојдов дома да ве одведам сите во царскиот дворец зашто станав царски зет! А сега, раскажи ми сè како стигна, ама до врв рид". *Кога правиме едно добро, секогаш ни е возвратено двојно.* И во оваа сказна е претставен старецот како мудрец од кој момчето бара помош за неговата мајка. Особено чести и популарни се мотивите според кои обичниот, сиромашниот човек со својата умност и досетливост успеа да дојде дури до царскиот престол. Волшебните, чудотворните предмети, секако, спаѓаат меѓу најкарактеристичните елементи на народната сказна. Се смета дека обилната застапеност на чудотворните предмети во сказната е плод на дамнешното верување на човекот во магиските обреди, кои тој ги извршувал со помош на различни материјални реквизити.[7]

Подарок од Септември е *Сказна за пауновото перо*. Приказната раскажува за едно болно дете кое родителите не можеле да го спасат, а во сказната се јавила стара баба која била претставена како мудрец и која им го кажува лекот на мајката и таткото на детето: „Така му било речено, да боледува. Ама ќе се најде чаре и за него, ако најдете со сино око во зелено. Перото ќе го натопите во морско масло, ќе го намачкате детето и тој час ќе ви оздрави. Толку од мене, ајде одете си со здравје дома." Лекот го наоѓаат во царскиот дворец, од пауните на царот. Совпаѓањето меѓу чудотворните предмети во сказните со некои предмети не е апсолутно, бидејќи незауздената творечка фантазија на народниот раскажувач им додала и нови својства на вообичаените магиски предмети, па создала и нови волшебни реквизити, кои го збогатиле и инаку пребогатиот свет на сказната. Така во македонската народна сказна најчесто како чудотворни предмети и материјални реквизити се јавуваат прстенот, јаболкото, појасот, лековитите тревки, плодовите од растенијата, водата, чешелот, сапунот, каменот и многу други.

Подарок од Октомври е *Сказна за желката.* Оваа сказна раскажува за една желка која не била задоволна од својот изглед и постојано се поплакувала кај Господ: „Аман, боже! – му рекла. – На сите им даде покривало на снагата – кому перја, кому козина. Им даде и крилја и сила брзо да се движат, сал нас нè остави голи да талкаме бавно по земјата." Желката повторно не била задоволна и заедно со другите животни пак се упатила кон Господ. На крајот ги исполнил нејзините барања и сите останале среќни и задоволни. Славка Манева во оваа сказна ја употребува алегоријата како стилска фигура, со тоа што на желката ѝ дава човечки осо-

[7] Томе Саздов, *Историја на македонската книжевност – Усна народна книжевност*, Детска радост, Скопје, стр. 167

бини (да зборува). Животните во сказните зборуваат и се однесуваат како луѓе, па од таму можеме да препознаеме определени карактеристики и типови на луѓе. Оваа сказна е еден вид легенда за настанокот на желките. Оваа легенда спаѓа во подвидот на космогониски легенди. Легендите за потеклото на растенијата, животните и некои појави во природата, исто така, го влечат своето потекло од апокрифна книжевност, но тие се многу непосредно поврзани и со средновековната хагиографска книжевност.

Овие легенди се јавиле како резултат на постојаната човекова желба да го запознае светот на природата.[8] Претпоследниот месец настапува со *Сказна за гугутката*. И оваа сказна како *Сказна за жалната врба* е еден вид легенда, за настанокот на гугутката. И оваа легенда спаѓа во подвидот на космогониски легенди, легенди за настанувањето на вселената како целина, за создавања на космосот (редот) од хаосот (нередот); во нив е предадено настанувањето на светот благодарение на моќта на еден бог (Библијата).[9] Сказната раскажува за љубовта на двајца млади кои потекнуваат од царски семејства. Како пречка меѓу нивната љубов застанала мајката на момчето, која е претставена како маѓесничка, која е дел од митолошките суштества и е поврзана со чудотворните предмети (во овој случај чајот) што таа ѝ го ставила на својата снаа, а таа се престорила во гугутка. Таа везден демнела на прозорецот на нејзиниот сопруг и нејзиното дете. Името гугутка го добила по гукањето на нејзиното дете: „Гу – гу- гу! – а од дворецот и одговарало нејзиното дете: –Гу –гу-гу!" Оттогаш гугутките се птици кои секогаш долетуваат на прозорците и гукаат. Тие се препознатливи по сивите нежни перја и по црното крукче околу вратот. Декември, дванаесетиот последен месец во годината ни ја подарува *Сказна за добрината*. Во оваа сказна станува збор за недосетливата ќерка која ништо не работела, дури кога и нејзината мајка паднала во постела. Мајката везден гледала кон ѕидот до кој бил нејзиниот кревет, додека еден ден не дошла ќерката на комшиката која ѝ рекла: „Што стоиш, мори, како икона? Не гледаш ли куќата на што прилега? Ајде бргу донеси вода и крпи, па да ја средиме!" На крајот Славка Манева се разделува со читателот и раскажува за нејзиниот живот, за тоа како таа била палава како мала, па затоа решила да се посвети да пишува за малите палавковци, но се разбира нејзината цел не била да ги уплаши туку да ги насмее и да ги поучи. Сказните се пишувани во духот на детската книжевност.

Подарок од авторката е *Сказна за ѕвездените перничиња*, како што гласи и самиот наслов на книгата. Како и возрасните така и децата се обидуваат да опстанат во светот и да ја пронајдат вистинската смисла на животот. Со поголем број на искуства тие постепено влегуваат во светот на возрасните, дури понекогаш и тие подобро размислуваат. Во сказната социјалниот момент е кога момчето решило да оди на печалба за да го спаси своето семејство и себе си од сиромаштија. Мајката го благословила и му дала шамивче со три јазолчиња. Суптилната испреплетеност на фантазијата и реалноста, разновидноста на емотивните стимулации и неизвесноста на дејствата имаат магнетна привлечност за децата, но и за возрасните, кои им ги пренесуваат најчесто со истите емоции со кои ги доживувале во своето детство. Бранувањата што ги преди-

[8] http://www.google.com/url□sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=3&cad=rja&uact=8&ved=0Č8QFjAC&url=http%3A%2F%2Fwww.gimprilep.edu.mk%2Fmakedonski%2Fdokumenti%2Ffolklor%2520i%2520mit.doc&ei=FNktVNX_HeTTygOHpYLQDg&usg=AFQjCNFzKD-Oy0ZNh5mZgIKbOP67GBad9A&bvm=bv.76802529,d.bGQ

[9] Томе Саздов, *Историја на македонската книжевност – Усна народна книжевност*, Детска радост, Скопје, стр. 207

звикуваат овие сказни го потикнуваат развојот на детската фантазија, на говорот, на социјалната комуникација и на творештвото во различни области. „Синко, ова ти е за да ти се најде во голема неволја. Ќе ги одврзеш јазлињава, но само тогаш, и да си спомниш за ова што ќе ти го кажам. Првото јазле ти е за она што го имаше и што можеш да го имаш – ако си работлив. Второто јазле ти е за она што го имаш, а можеш да го немаш – ако не си претпазлив. А третото јазле ти е за она што го немаш, а од се срце ќе посакаш да го имаш." Момчето се заљубило во девојчето што везе перничиња ишарани со сребрени ѕвезди кои одблеснувале во ноќта. Немајќи пари да купи од перничињата, се сеќава на зборовите на неговата мајка и го одврзува првото јазле во кое се наоѓаат две парички за да може да купи перниче. Второто јазле го одврзува кога се разболел, а во него имало тревки за чај. Третото јазле го отвора кога оди да ја запроси девојката што везе перничиња, а во јазлето се криел свршеничкиот прстен на неговата мајка. И како што обично завршуваат сказните така и оваа „И на крајот сите си живееле среќно."

Сите сказни во оваа книга започнуваат со „Некогаш многу одамна". Времето и местото каде што се случуваат настаните не ние познато, можеби тие села и планини што се спомнати во сказните се наоѓаат близу нас, можеби таму сме биле некогаш, можеби таму живеат нашите баби и дедовци, но останува само МОЖЕБИ. Според ова *Ѕвездени перничиња* има корени од митологијата.

Овде ги сретнуваме митолошките суштества, волшебните елементи и приказните кои се претставени во вид на легенди кои се дел од митологијата. Митовите сè уште гледани како искривени приказни на вистинити историски настани, алегории или персонификации на природните појави, или пак објаснувања на народните обреди. Тие се пренесувани за да овозможат религиозно искуство, да постават обрасци на однесување како и да ги подучат луѓето.

Децата во сказните се претставени како сираци (освен во *Сказната за пауновото перо*", *Сказната за гугутката* и сказната која е подарок од авторката *Сказна за ѕвездените перничиња*) деца кои ја немаат почувствувано љубовта од двајца родители. Некои од сказните се во вид на легенда (*Сказна за жалната врба*, *Сказна за ѕуницата*, и *Сказна за гугутката*), во кои наидуваме на пократки известувања и најнужни податоци кои имаат цел да информираат за постоење на некои факти.

Во легендите чудесното, митолошкото и религиозното е една од основните карактеристики. Легендата ја одразува стварноста преку некое верување. Основната општествена функција на легендата е да го поткрепи верувањето, раскажувајќи го чудесното.

Митолошки суштества кои ги среќаваме се самовилата во *Сказна за светулките* и маѓесницата (свекрвата) во *Сказна за гугутката.*

Во сказните на Славка Манева ги среќаваме и волшебните предмети, како што се волшебното стапче во *Сказна за светулките*, црвениот килим и огледалата во *Сказна за црниот бик*, сребрениот меч во *Сказна за сребрениот меч*, чајот во *Сказна за гугутката*, пауновото перо во *Сказна за пауновото перо* и шамивчето со трите јазолчиња во *Сказна за ѕвездените перничиња*. Со сите свои ликови, материјално-волшебните реквизити и сижети, меѓусебно чудесно проткаени, народната сказна создала неизмерно богат свет што опфатил – селектирал и вообличил – најразлични фабулни решенија и раскажувачки слики. Карактеризирајќи се со безимени личности, недетерминирана географија, фантастични створенија и митолошки созданија, сказната достигнала кулминација на способностите на народниот раскажувач за креативна импровизација.[10]

### 4. Заклучок

На крајот на овој труд можеме да заклучиме дека Славка Манева пишува во изразот и постапката на традиционалната бајка. Дури тогаш и кога ја имитира и од неа произлегува, видлив е напорот да се издвои, да побара самостоен пат и бајковниот свет да го осовремени со знаци и симболи. Во нејзината бајка наивната претстава и играта се исходишта во откривањето на тајновитите предели на детската психа. Нејзините останати книги кои се само споменати овде (*Свирипиле* и *Цица*) се работени под ист концепт, лесно се согледливи нијансите на реализацијата. Стварноста на детето во сказните не е изневерена. Тоа ќе го прифати тој свет токму онака како што е создаден, токму затоа што има моќ да мечтае. Лицата се однесуваат како во стварноста, новите лица се среќаваат без чудење, а стравот што ги обзема е на некаков начин природен – тоа е страв на нормалниот човек. Тоа што се јавуваат фантастични суштества од другиот свет не значи дека преовладува фантазијата. Од секој расказ добивавме различни информации и инспирации. Сведоци бевме на многу интересни детски авантури кои ни ги пружи самата авторка. Бајките на Славка Манева завршуваат среќно, со среќно откривање на скриена љубов, поточно со нејзиното манифестирање. Затоа лицата се враќаат кон својот извор, значи кон реалниот живот.

### ЛИТЕРАТУРА

Денкова, Јованка. *Книжевност за деца*. Штип: УГД, 2011.

Идризовиќ, Мурис. *Македонската литература за деца*. Скопје: Наша книга, 1988.

Манева, Славка. *Ѕвездени перничиња*. Скопје: Детска радост, 2005.

Саздов, Томе. *Историја на македонската книжевност – Усна народна книжевност*. Скопје: Детска радост, 1997.

[10] Томе Саздов, *Историја на македонската книжевност – Усна народна книжевност*, Детска радост, Скопје, стр.169.

### ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

http://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=3&cad=rja&uact=8&ved=0CC8QFjAC&url=http%3A%2F%2Fwww.gimprilep.edu.mk%2Fmakedonski%2Fdokumenti%2Ffolklor%2520i%2520mit.doc&ei=FNktVNX_HeTTygOHpYLQDg&usg=AFQjCNFzKD-Oy0ZNh5mZgIKbOP67GBad9A&bvm=bv.76802529,d.bGQ (2. X 2014)

http://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=5&ved=0CDkQFjAE&url=http%3A%2Fcejsh.icm.edu.pl%2Fcejsh%2Felement%2Fbwmetal.element.desklight-32bcla28-c7e5-4d49-b6aa-e01683d6745e%2Fc%2FKapusevska-Drakulevska_Lidija.pdf&ei=opUhVN-5D4HgyQPd9oHABA&usg=AFQjCNGtH6fTz72NnwlxNNnW2_d-bfxudw&bvm-bv.75775273,d.bGQ (28. IX 2014)

http://www.knjiga.mk/tri/beletristika/maliot-princ.html (28. IX 2014)

Jovanka D. DENKOVA, Mahmut I. ČELIK

FABLENESS ART OF SLAVKA MANEVA

Summary

The literature for children is a special literature area with its own ideas. educational and art features. This literature

is dedicated to the youngest reader and listener. The subject of this work is to make an analysis of the works written by Slavka Maneva. The main goal is to find the fable-like elements and to give a critical analysis of the given works. The works, other literature and internet resources are used for tis work. The introducttion is is consisted of a short explanation for the term ”tale”, author’s biography and explanation for children’s literature. The main part is the analysis of the works and a discussion for them. The conclusion presents a summary for the works of Slavka Maneva.

Key words: tale, reader, fantasy, reality, message, distinction, mythology, literature